РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
С К О П Ј Е

Врз основа на член 31 став 2 точка 2 од Изборниот законик на Република Македонија, („Службен весник на Република Македонија", бр. 40/06,136/08,148/08,155/08,163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14 и 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17,35/18, 99/18,140/18 ) и член 66 став 1 и 6 од Деловникот на Државната изворна комисија, Државната изборна комисија на седницата одржана на 14.09.2018 година донесе:

# У П А Т С Т В О

за примена на член 112-а од Изборниот законик – за лица со посебни потреби

За избирачи – лица со посебни потреби, кои не можат да влезат односно пристапат во гласачкото место, избирачкиот одбор е должен на овие лица да им овозможи на соодветен начин да влезат, односно пристапат во гласачкото место за да го остварат своето право на глас.

Доколку овие лица со себе не довеле лице кое ќе им помогне при влезот односно пристапот во гласачкото место, во таков случај избирачкиот одбор е должен да определи лице од редот на избирачите кои во тој момент се затекнале во гласачкото место да му помогнат на избирачот со посебни потреби да влезе односно пристапи во гласачкото место за да го оствари своето право на глас.

**Број** 08 - 1828/1
**14.09.2018 година**
**Скопје**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Оливер Деркоски**